Почитувани претставници на печатените и електронските медиуми,

Дозволете ми на почетокот на денешната прес конференција да ве поздравам и да ви соопштам дека на 30 септември 2024 година, во законски предвидениот рок, Министерството за култура и туризам ќе ги објави Годишните Конкурси за поддршка на проекти од национален интерес во културата за 2025 година.

Овие Конкурси за нас се реформски и исклучително значајни, бидејќи во отсуство на донесена Стратегија за развој на културата (последната Стратегија беше со важност до 2022 година), преку нив ќе ги исцртаме контурите на културната политика која ќе ја спроведуваме во наредниот период. Тоа не значи дека наш приоритет нема да биде Националната стратегија, напротив, во најкус можен рок ќе предложиме Нацрт текст на овој најважен стратешки документ од областа на културата, кој по консултации со сите засегнати страни, со еден широк консензус, планираме да го донесеме во првата половина од 2025 година.

Наша заложба е преку Годишните Конкурси да ја поддржиме уметничката извонредност, да ја поттикнеме креативноста во творештвото, да ги промовираме врвните изведувачи и младите таленти, да обезбедиме заштита и одржлив развој на културното наследство, да бидеме видливи и препознатливи во европскиот културен контекст.

Уште на почетокот би сакал да ве информирам дека буџетот што го затекнавме во Министерството за култура и туризам во јуни оваа година беше во многу лоша состојба, со голем број на превземени обврски, не само во оваа туку и во наредните години. Затоа во овие први 100 дена од новата Влада направивме вонредни напори, со ребалансот на буџетот да ги сервисираме тековните обврски, да не ги пренесуваме во наредната година и да ја започнеме 2025-тата со обезбедени средства за поддршка на квалитетни проекти во функција на развој, промоција и афирмација на нашата култура на национално ниво и во меѓународни рамки.

Сакам да акцентирам дека, Министерството за култура и туризам за прв пат, оваа година донесе посебни акти кои се поврзани со постапката за спроведување на Годишните конкурси за 2025 година.

Донесовме Упатство за утврдување на видовите на проектите што ќе се поддржуваат, приоритетите, условите за учество, мерилата и критериумите за оцена на проектите како и Упатство за критериумите за именување членови на комисиите што ќе вршат оцена на пристигнатите проекти на Конкурсите.

Наша цел беше на најтранспарентен начин да овозможиме објективна и издржана евалуација на апликациите и да поддржиме квалитетни проекти кои ќе придонесат за развојно поместување на културата во нашата држава. Во овој контекст сакам да ве информирам дека во наредните денови јавно ќе бидат објавени членовите на сите Стручни комисии по области, кои ќе ја вршат евалуацијата на проектите поднесени на Годишните конкурси за 2025 година.

Во наредните минути кратко ќе се задржам на другите новини што ги воведовме во Годишните конкурси. Генерално, промени се направени согласно анализите на начинот на финансирање од претходните години, а дополнително и укажувањата на Државниот завод за ревизија. Воедно, сакам да потенцирам дека на овие промени работеа вработените во Министерството за култура и туризам кои имаат долгогодишно искуство во работата на Годишните конкурси, а дополнително сакам да ве информирам


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240555
www.kultura.gov.mk

дека се извршени и консултации со повеќе здруженија и поединци кои редовно се пријавуваат на конкурсите и точно може да ги посочат проблемите со кои се соочуваат.

Оцената на проектите во рамките на Годишните конкурси ќе се врши согласно исполнувањето на општите услови кои се исти за сите подносители на проекти како и исполнувањето на посебни услови што се јасно утврдени за секоја област поединечно. Согласно видовите на проектите и во функција на транспарентна распределба на средствата, во Пријавите во Годишните конкурси оваа година прецизно е утврдено кој вид на проект со колку средства максимално може да биде поддржан.

Повеќе нема да има огромни дискрапанци во поддршката на проекти од ист вид, туку согласно анализите на претходно реализираните проекти, ќе бидат субвенционирани реалните потреби и трошоци за проектите.

Во програмска смисла би сакал да ве информирам дека оваа година, преку сетот на Годишните конкурси нема да се финансираат интердисциплинарните проекти и креативните индустрии, односно за поддршка на ваквите видови проекти и активности, Министерството за култура и туризам ќе превземе други мерки и активности по насока и препорака на Државниот завод за ревизија.

Почитувани,

Уште еднаш би сакал да повторам дека Конкурсите за поддршка на проекти од национален интерес во културата ќе бидат објавени утре, 30 септември кога ќе биде отворен и системот за електронско пријавување. Конкурсите ќе траат до 31 октомври 2024 година.

И оваа година електронското пријавување целосно ќе се спроведува преку Националниот портал за е-услуги. Техничките упатства и поддршката при регистрирањето, корисниците ќе можат да ги најдат на веб-страницата uslugi.gov.mk, како и преку контакт-центарот на овој национален портал.

Помош во делот на пријавите, од стручен аспект, корисниците и оваа година ќе може да побараат во секторите, односно одделенијата во Министерството за култура и туризам. Контактите со задолжените лица и нивните е-адреси ќе бидат објавени на веб-страницата на Министерството за култура и туризам (kultura.gov.mk).

Исто така, по објавувањето на Конкурсот, во неколку градови низ државата односно во Охрид, Битола, Штип, Струмица, Гостивар и Скопје ќе бидат организирани информативни сесии за сите заинтересирани апликанти на Годишните конкурси, на кои ќе може да се добијат од страна на вработените во Министерството за култура и туризам, сите потребни информации за Пријавите за Конкурсите.

Сосема на крајот, би сакал да изразам посебна благодарност до сите вработени во Министерството за култура и туризам, до колегите од Министерството за дигитална трансформација и до сите оние кои макотрпно се вложија и помогнаа да ги изработиме Годишните конкурси за поддршка на проекти од национален интерес во културата.

Да си посакаме успех во спроведувањето на Годишните конкурси и година во која ќе има сериозен квалитативен исчекор во културата.

Ви благодарам.